

SED OMNIS UNA MANET NOX
ET CALCANDA SEMEL VIA LETI

UDC: 929Гантар, К.

# КАЈЕТАН ГАНТАР
# (1930-2022)

Ова лето до нас во Македонија допре веста за смртта на академик Кајетан Гантар, нашиот почитуван и драг колега и пријател, долгогодишен истакнат член на Уредништвото на *Жива Антика*. Веста одекна болно меѓу нас, неговите колеги и пријатели во Скопје, класични филолози со кои тој одамна има воспоставено блиски искрени врски, одржувани неколку генерации со заемна љубов и во континуитет од повеќе децении.

Свесни за неговото значење како личност од голем формат, длабоко жалиме што Словенија и светот загубија таков научник и човек, а посебно жалиме што голема загуба претрпе и Македонија.

По повод 70 години од неговото раѓање, во 2000 година *Жива Антика* го посвети своето годиште на делото на Кајетан Гантар и тоа издание наскоро беше свечено промовирано во Љубљана. Овојпат ќе издвоиме само неколку поважни дати од неговата богата биографија во која се преплетуваат дејноста на професор, научник, творец и јавен деец.

Детството го поминал во Цеље, а гимназија завршил во Љубљана. Студирал класична филологија на Филозофскиот факултет, додека по дипломирањето работел како професор во гимназијата во Птуј (1954-56), а потоа во Секретаријатот за култура (1958-62).

Во 1958 г. бил промовиран за доктор по литературни науки. Во 1962 г. бил примен за асистент на Филозофскиот факултет во Љубљана, од кога започнува да напредува во службата сè до редовен професор по латински јазик и книжевност во 1978 г. на Одделението за класична филологија. Едно време предавал грчки јазик и книжевност на Универзитетот во Грац. Остварил студиски престои во Париз, Женева, Хајделберг и Виена, а со свои реферати учествувал на многубројни меѓународни научни собири.

Благодарение на значајните постигања во науката, во 1993 година бил избран за вонреден член на Словенечката академија на науките и уметностите, 1997 станал нејзин редовен член, а едно време и потпретседател. Во периодот од 1996 до 2002 г. бил претставник на Словенија во Постојаниот комитет за хуманистика при Европската научна фондација во Страсбург, а потоа и редовен член на Европската академија на науките и уметностите со седиште во Салцбург. Бил член и на други значајни научни институции, а меѓу нив, во 2006 станува член на МАНУ надвор од работниот состав.

Неговото дело е обемно и многустрано. Неговиот научен и истражувачки интерес е свртен кон латинската и старогрчката литература, со посебен осврт кон нејзиното влијание во словенечката книжевност. Покрај тоа, тој е автор на низа антологии и монографии на античка поезија, а особено се истакнува како преведувач на капитални дела од старогрчки и латински јазик. Меѓу нив се истакнуваат Аристотеловата *Поетика*, Хомеровата *Одисеја*, *Теогонија* и *Дела и дни* од Хесиод, трагедии на Ајсхил, Софокле и др.

За нас во Македонија посебно внимание заслужува неговата долгогодишна соработка, залагање и дружење на научен план. Соработката започнува одамна, кога уште како студент ги објавува своите први научни прилози во *Жива антика.* Подоцна станува не само нејзин редовен соработник, туку и член на Уредништвото, давајќи го својот несебичен придонес не само како научник туку и на еден непосреден план. Имено, кога во превирањата пред и по распадот на Југославија нашето списание се најде во незавидна материјална состојба, Кајетан Гантар лично се заложи да помогне на тој план, а тоа го правеше и натаму повеќепати кога беше најпотребно. Како уредник, беше драгоцен не само со препораката на вредни прилози за објавување од разни автори, туку и како советодавец. Лично ми е во сеќавање неговиот совет кога бевме во дилема дали во поново време во нашето меѓународно списание треба да објавуваме статии исклучиво на светски јазици. Негово мислење беше дека не смееме заради меѓународниот престиж да ги запоставиме и нашите помали словенски јазици, бидејќи треба да се работи и на нивна афирмација. Таа уредничка политика на негов предлог остана и до денес.

На човечки план, Кајетан со својата непосредност во односот се зближи со мнозина од нас. Негов најстар пријател од Македонија беше академик Михаил Петрушевски, за кого со нескриена почит и восхит пишува во неговата мемоарска книга *Penelopin prt*, што излезе оваа година. Тој разви искрен пријателски однос и со академик Петар Илиевски, а потоа вистинско пријателство и со

нас, нешто малку помлади од нив. Таа своја приврзаност кон Македонија ја покажуваше и со своето редовно учество на разните прослави и јубилеи на *Жива антика* и на Филозофскиот факултет, со што стана нераздвоив дел и од македонската наука и култура.

Токму затоа и се простуваме од него со чувство на почит и благодарност како кон голем научник, човек и наш верен пријател.

Витомир Митевски